ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**
**Раководител на Сектор за сообраќај**
**Раководител на Сектор за Комунални работи**
**Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за утврдување на висината на надоместокот за членовите на управните и надзорни одбори во јавните претпријатија и за членовите на органите на управување и надзор во јавните установи

Скопје, март 2025 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен гласник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 19 став 6 и член 27 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 43 став 5 и член 54 став 9 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22), Советот на Град Скопје на ____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

за утврдување на висината на надоместокот за членовите на управните и надзорни одбори во јавните претпријатија и за членовите на органите на управување и надзор во јавните установи

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје ја утврдува висината на надоместокот за претседателот и членовите на управните и надзорните одбори во јавните претпријатија и претседателот и членовите на органите на управување и органите за надзор во јавните установи чиј основач е Град Скопје.

***Надоместоци за управните одбори на јавните претпријатија***

**Член 2**

Висината на месечниот надоместокот за претседателот и членовите на управните одбори на јавните претпријатија се утврдува врз основа на присуство на седници на управниот одбор, и тоа:

- за претседател на управен одбор, износ од 10.000 денари;
- за член на управен одбор, износ од 8.000 денари.

***Надоместоци за надзорните одбори на јавните претпријатија***

**Член 3**

Висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавните претпријатија се утврдува за присуство на седница на надзорниот одбор, и тоа:

- за претседател на надзорен одбор, износ од 9.000 денари по седница;
- за член на надзорен одбор, износ од 7.000 денари по седница.

**Член 4**

Исплатата на надоместоците од член 2 и член 3 на оваа Одлука е на товар на јавните претпријатија.

***Надоместоци за органите на управување на јавните установи***

**Член 5**

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на органите на управување на јавните установи се утврдува врз основа на присуство на седници и тоа:

- за претседател на органот на управување, износ од 6.000 денари;
- за член на органот на управување, износ од 5.000 денари.

***Надоместоци за органите за надзор на јавните установи***

**Член 6**

Висината на надоместокот за претседателот и членовите на органите за надзор во јавните установи се утврдува за присуство на седница на органите за надзор, и тоа:

- за претседател на органот за надзор, износ од 6.000 денари по седница;
- за член на органот за надзор, износ од 5.000 денари по седница.

**Член 7**

Исплатата на надоместоците од член 5 и член 6 на оваа Одлука е на товар на Буџетот на Град Скопје.

**Член 8**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на висина на износот на надоместокот на претседателите и членовите на управните одбори и надзорните одбори на јавните претпријатија и установи чиј основач е Градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.02/16).

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-____________
__.__.2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предложената одлука е член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа, каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуки, како и во одредбите од член 19 став 6 и член 27 од Законот за јавните претпријатија, каде е предвидено висината на надоместокот за претседателот и членовите на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија со одлука да ја утврдува основачот на јавното претпријатие, а со член 43 став 5 и член 54 став 9 од Законот за установите, исто така е предвидено висината на надоместокот за претседателите и членовите на органите на управување и органите за надзор во јавните установи со одлука да ја утврдува основачот на јавните установи.

Причина за предлагање на одлуката е потребата Град Скопје како основач на јавните претпријатија и јавните установи да ги уреди горенаведените прашања со посебен акт, а во согласност со измените на Законот за јавните претпријатија и Законот за установите, во кои се уредени прашањата за висината и начинот на исплата на надоместоците на претседателите и членовите на управните и надзорните одбори во јавните служби основани од Град Скопје, за присуство на седници.

За разлика од досега важечката одлука во која исплатата на месечните надоместоци за членови на управен и надзорен одбор на јавни претпријатија и на јавни установи се исплаќаше месечно (без оглед на тоа дали се одржала седница на истите), измените на горенаведените закони упатуваат на дистинкција пред сè во начинот на утврдување на надоместоците за членовите на управните одбори (и органите на управување) и надзорните одбори (органи на надзор), која се рефлектира и во начинот на нивната исплата, а исплатата на надоместоците ја определува само врз основа на присуство на седниците.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22), која се однесува на содржината на предложената одлука е предвидено претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие да имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие а нивниот вкупен месечен надоместок поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година. Во однос на претседателот и членовите на надзорните одбори е предвидено за секоја одржана седница на надзорниот одбор на која истите присуствувале да имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Врз основа на податоците добиени за минатата година за утврдена најниска просечна плата во јавните претпријатија основани од Град Скопје се предлага висината на износите на месечниот надоместок на управните одбори на јавните претпријатија да изнесува 10.000 денари за претседателот и 8.000 денари за

членовите. Во однос на надоместоците за надзорните одбори на јавните претпријатија, се предвидува надоместок за претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавните претпријатија за присуство на седница на надзорниот одбор, и тоа во износи од 9.000 денари за претседателот и 7.000 денари за членовите, по седница. Овие средства се исплаќаат на товар на јавните претпријатија основани од Град Скопје, како што е предложено во членот 4 на Одлуката.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за установите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22) е наведено дека членовите на органот на управување на јавната установа имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на органот на управување на јавната установа. Притоа, нивниот вкупен месечен надоместок, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година. Претседателот и членовите на органот за надзор на јавната установа, за секоја одржана седница на органот за надзор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година.

Врз основа на податоците добиени за минатата година за утврдена најниска просечна плата во јавните установи основани од Град Скопје се предлага висината на износите на месечниот надоместокот за членовите на органите на управување на јавните установи да изнесува: 6.000 денари за претседателот и 5.000 денари за членовите. Во однос на надоместоците за надзорните одбори на јавните установи, се предвидува надоместок за претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавните установи, за присуство на седница на надзорниот одбор, и тоа во износи од 6.000 денари за претседателот и 5.000 денари за членовите, по седница. Овие средства се исплаќаат од Буџетот на Град Скопје, како што е предложено во членот 7 на Одлуката.

Во преодните и завршните одредби на предложената одлука е наведено дека со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на висина на износот на надоместокот на претседателите и членовите на управните одбори и надзорните одбори на јавните претпријатија и установи чиј основач е Градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.02/16).

Врз основа на претходно наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за утврдување на висината на надоместокот за членовите на управните и надзорните одбори во јавните претпријатија и за членовите на органите на управување и надзор во јавните установи.